Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Скопје,
април 2026 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по редовна постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Рецеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

## ВОВЕД

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка и роковите за плаќање, како и други прашања кои се значајни за утврдување и наплата на придонесите.

Со постојното законско решение во однос на придонесите кои се однесуваат за здравствена заштита е предвидено невработените лица кои остваруваат одреден приход над законски утврдениот, од страна на Фондот за здравствено осигурување, годишен лимит - кој од месец февруари, за 2026 година изнесува 292.548 денари, да бидат обврзници за плаќање придонеси за здравствено осигурување. Вака поставената законска регулатива во пракса ги обесправува невработените лица кои до одреден момент биле вработени а со тоа и обврзници за плаќање на придонеси за здравствена заштита, за во моментот кога таа им е потребна, да им создаде значителни финансиски оптоварувања и покрај ранлива економска состојба во која се наоѓаат со оглед на тоа дека се невработени лица кои немаат редовни примања, што е спротивно на Уставно гарантираното право на здравствена заштита и социјална сигурност.

Имено, законот ги обврзува лицата кои остваруваат приходи над утврдениот лимит, а кои во најголемиот број на случаи се лица кои до одреден период биле вработени лица кои за периодот додека биле вработени плаќале уредно придонеси за здравствена заштита, или пак лица кои оствари незначителен приход над утврдениот лимит, а се лица кои немаат редовни или високи приходи, туку најчесто се работи за лица кои немаат економска независност и само остваруваат приходи кои се повремени и релативно мали средства во висина која едвај овозможува основна човекова егзистенција, а се во просек на нивото до една минимална месечна плата. Имајќи го предвид незначителниот износ на остварен приход кој покрај економските услови во државата во последните години кои се карактеризираат со зголемена инфлација и раст на трошоците за живот - со просечна стапка на инфлација во 2025 година која изнесувала околу 4,1%, при што цените се зголемиле особено во секторите домување, транспорт, здравствени услуги и основни производи, и минималната синдикална кошничка за основни животни трошоци на едно домакинство која достигна над 67.000 денари месечно, што укажува на значително зголемување на трошоците за живот во споредба со претходните години, во такви услови,

наметнувањето на обврска за плаќање придонеси за здравствено осигурување за невработени лица кои остваруваат минимални или повремени приходи претставува дополнителен финансиски товар кој директно влијае врз нивната социјална и финансиска одржливост. Ова особено имајќи предвид дека овие лица не се во работен однос и немаат редовен приход.

Дополнителен аспект е и фактот што здравствените услуги, особено во случаи на сериозни здравствени потреби, претставуваат значителен финансиски товар. Поради тоа, пристапот до здравствено осигурување треба да се третира како важен елемент на социјалната заштита, особено за економски ранливите категории на население.

Оттука, со предложените измени се предвидува невработените лица, да бидат ослободени од обврската за плаќање придонеси за здравствено осигурување, без разлика дали и колку приход оствариле во текот на годината, а кој приход не доаѓа од редовен работен ангажман – туку е повремен, нередовен и остварен по различен основ. На овој начин ќе се овозможи поголема социјална заштита на овие лица, ќе се намали финансискиот притисок врз нивниот ограничен буџет и ќе се обезбеди поправедно уредување на системот на придонеси.

Предложените измени имаат за цел да придонесат кон подобрување на социјалната сигурност на невработените лица, усогласување на законското решение со реалните економски услови и обезбедување поголема правичност во системот на социјално осигурување, поради тоа го предлагаме овој предлог-закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон предизвикува финансиски импликации за Министерството за здравство.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог на законот дополнителните финансиски средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија преку алокација на непродуктивните средства во буџетот на Министерството за здравство.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.142/2008; 62/2009; 64/2009; 156/2009; 166/2010; 53/2011; 185/2011; 44/2012; 150/2012; 15/2013; 91/2013; 170/2013; 97/2014; 113/2014; 180/2014; 188/2014; 8/2015; 8/2015; 20/2015; 48/2015; 129/2015; 217/2015; 190/2016; 171/2017; 35/2018; 247/2018; 251/2022; 3/2025 и 267/2025) член 10-а се брише.

Член 2

Членот 10-б се брише.

Член 3

Во член 13 став 1 точка 3-а) зборовите „и членот 10-б" се бришат.

Член 4

Во член 14 став (1) точка 14) алинејата 8 се брише.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи пет члена.

Со членовите 1 и 2 се бришат членовите 10-а и 10-б од основниот закон.

Членовите 3 и 4 се од номотехнички карактер.

Членот 5 го предвидува денот на влегување во сила на законот без вообичаениот уставен рок *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените измени ќе придонесат кон подобрување на социјалната сигурност на невработените лица, усогласување на законското решение со реалните економски услови и обезбедување поголема правичност во системот на социјално осигурување.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ**

(ИЗВОД)

**Член 10-а**

(1) Граѓанин кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки 1 до 14 од овој закон, правата од здравствено осигурување ги остварува, доколку во претходната календарска година остварил приход кој не е поголем од годишниот нето износ на минималната плата за претходната година согласно со закон.

(2) Граѓанинот кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки 1 до 14 од овој закон, правата од здравствено осигурување во тековната година може да ги оствари и ако во претходната календарска година остварил приход поголем од приходот утврден во ставот (1) на овој член, но не поголем од годишниот износ на минимална основица за пресметка и плаќање на придонесите, согласно со членот 15 став (1) од овој закон, единствено во случај ако во претходните два месеца остварил приход кој е помал од износот на минималната плата за претходната година согласно со закон на месечно ниво.

(3) Во износите од ставовите (1) и (2) на овој член спаѓаат приходите на сите членови на семејството, согласно со Законот за здравственото осигурување и истите не ги опфаќаат приходите остварени по основ на:

1) награди што ги доделуваат меѓународните организации, награди за животни достигнувања во науката, културата и спортот, стипендии и кредити на ученици и студенти што ги доделуваат органите на државната управа и фондации во согласност со закон, награди на ученици и студенти за време на задолжителна практична работа и обука, награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари и стипендии за спортисти;

2) надоместок на лицата волонтери согласно со Законот за волонтерство;

3) детски додаток, посебен додаток за дете, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток;

4) надоместок во случај на смрт;

5) помош за претрпени штети од елементарни непогоди;

6) права на парична помош од социјална заштита утврдени согласно со Законот за социјалната заштита;

7) надоместок за телесно оштетување;

8) надоместок на штета по основ на осигурување на живот и имотни осигурувања;

9) алиментации и надоместоци на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа и

10) надоместоци по основ на невработеност, обука, преквалификација, доквалификација и практиканство на невработени лица.

(4) Износите од ставовите (1) и (2) на овој член ги објавува Фондот за здравствено осигурување на својата веб страница најдоцна до крајот на јануари

во тековната година, врз основа на објавените податоци за минимална нето плата од страна на Министерството за економија и труд за претходната година и податоците објавени од Државниот завод за статистика.

(5) Граѓанинот кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки од 1 до 14 од овој закон правата од здравственото осигурување во тековната година ги остварува согласно со прописите од областа на здравственото осигурување, врз основа на остварените нето приходи во претходната година.

**Член 10-б**

Граѓаните кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување според членовите 10 и 10-а од овој закон, можат да станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување заради користење на правата на здравствени услуги во тековната година дефинирани во законот кој го уредува системот на здравственото осигурување, врз основа на остварените нето приходи во претходната година.

**Член 13**

Обврзник за пресметка и уплата на придонеси е:

1) работодавачот за своите вработени и за лицата од членот 8 став (1) точка 1-а) од овој закон;

1-а) исплатувач на паричен надоместок за обврзникот за плаќање на придонес од член 7 став (1) точки 1-а) и 1-б) и член 10 став (1) точка 1-а) од овој закон;

2) самовработеното лице, сами за себе;

3) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за индивидуален земјоделец и за лицата од членот 7 ставови (1) точки 3, 4, 7 и 12 и (2) и членот 8 став (1) точка 5 од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;

3-а) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за индивидуален земјоделец и за лицата од членот 10 став (1) точки 5, 7, 9, 11 и 12 и членот 10-б од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;

4) работодавачот или Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за работник кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, согласно со закон;

5) Министерството за здравство за лицата од членот 10 став (1) точки 1-б) и 15 на овој закон;

6) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за лицата од членовите 7 точка 8, 8 став (1) точка 4 и 10 став (1) точка 6 на овој закон, а за лицата од членот 12 став (2) на овој закон Агенцијата е обврзник за пресметка, додека обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;

7) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија за лицата од членовите 7 став (1) точка 9 и 10 став (1) точка 8 на овој закон;

8) Управата за извршување на санкции за лицата од членовите 8 став (1) точка 2 и 10 став (1) точка 13 на овој закон;
9) установата од областа на образованието за лицата од членот 8 став (1) точка 1 на овој закон;
10) надлежниот орган на државната управа за лицата од членовите 7 став (1) точки 10 и 11, 8 став (1) точка 3 и 10 став (1) точки 10 и 14 на овој закон и за работник кој зема надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство;
11) организаторот за лицата од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој закон;
12) професионалниот спортски клуб за лицето од членот 9 став (2) на овој закон;
13) Извршител за обврзник за плаќање за кој има спроведено наплата од парични средства за придонеси по основ извршување на судска пресуда;
14) Стечаен управник за обврзник за плаќање вработен кај должникот кого го застапува и претставува, за месеци пред отварање на стечајната постапка, доколку распределениот дел од стечајната маса за придонеси е помал од обврската за придонеси пресметана од должникот и
15) Комората на трговци на Република Северна Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за лицата од членот 7 став (1) точка 6-а) и членот 10 став (1) точка 4-а) од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе.

**Член 14**

(1) Основица за пресметка и плаќање на придонеси е:
1) плата, дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за лице во работен однос;
1-а) паричен надоместок на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво;
1-б) износот од 1/30 од висината на најниската основица за пресметка и уплата на придонесите согласно со овој закон, за секој ден на работно ангажирање, независно од висината на договорениот паричен надоместок и часовите за кои лицето е ангажирано, за лицата од членот 7 став (1) точка 1-б) од овој закон;
2) плата за работа со скратено работно време, односно за часовите поминати на работа, и дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за работник кој работи со скратено работно време;
3) просечна плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, за лицето од членот 7 став (1) точки 10 и 11 и лицето од членот 10 став (1) точка 13 од овој закон;
4) месечната аконтација на нето доходот, односно на паушално утврдениот нетодоход на кој се плаќа данок, согласно со Законот за данокот на личен доход за самовработено лице;
4-а) просечна плата на работникот остварена во годината пред престанокот на задолжителното осигурување, усогласена со просечниот годишен пораст на

платите во Републиката, за лицата кои пристапиле во продолжено пензиско и инвалидско осигурување, согласно со закон;
5) просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот или просечната плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, доколку нема податок за просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство, за работник кој е упатен на работа во земји со кои Република Северна Македонија нема склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;
6) просечна плата на работникот остварена во годината пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот и платата што ја прима во странство или просечната плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, доколку нема податок за просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство и платата што ја прима во странство, во земји со кои Република Северна Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;
7) пензијата, односно надоместок според прописите на пензиското и инвалидското осигурување, за корисник на домашна пензија;
8) надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за корисник на паричен надоместок;
9) надоместок за скратено работно време за нега и чување на потешко хендикепирано дете, за корисник на надоместок;
10) надоместок на плата за време на професионална рехабилитација, за корисник на надоместок;
11) надоместок во случај на невработеност, за невработени лица корисници на паричен надоместок за време на привремена невработеност;
12) 20% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, за индивидуален земјоделец и за лицата од членот 7 став (1) точка 6-а) и членот 10 став (1) точка 4-а) од овој закон;
13) просечна плата во Републиката објавена во тековниот месец за: - државјанин на Република Северна Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Северна Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство за членовите на семејството кои живеат во Република Северна Македонија и - државјанин на Република Северна Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Северна Македонија нема склучено/превземено Договор за социјално осигурување или пак Република Северна Македонија има склучено/превземено Договор за социјално осигурување, во кој не е регулирана

можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката;
14) 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика за:
- верско службено лице,
- лице корисник на гарантирана минимална помош, кое е лице неспособно за работа; корисник на надоместок заради попреченост; корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита; корисник на вон-семејна заштита; лице-жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно со прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство; лице-жртва на трговија со луѓе; корисник на право на социјална сигурност за старите лица, како и дете со пречки во развојот и со специфични потреби за кое се користи право на посебен додаток согласно со Законот за заштита на децата, а не може да се осигурат по друга основа,
- лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор, ако не е осигурено по друга основа, и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно
- поправен дом, односно установа,
- лицата од членот 10 став (1) точки 1-б) и 15 на овој закон,
- учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ,
- лицата од членовите 8 и 9 на овој закон, - самовработено лице до истекот на првата календарска година во која започнало со вршење на дејност,
- лицата од членот 10-б) од овој закон.
15) Основицата за придонеси утврдена во судската пресуда, за обврзникот од членот 13 став (1) точка 13) од овој закон; 16) Износот од стечајната маса што е распределен за уплата на придонеси, за обврзникот од членот 13 став (1) точка
14) од овој закон. (2) По лично барање, осигуреникот - самовработено лице, верско лице и индивидуален земјоделец, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица. (3) Плата која се прима во странска валута, поради утврдување на основицата на придонесите од ставот (1) на овој член, се пресметува во денарска противвредност по официјалниот среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија кој важи за последниот ден во месецот за кој придонесите се пресметуваат, односно плаќаат.